


**Ако имаш амбиција за професионален развој во динамична средина, со одлични услови и атмосфера за работа, пријави се на огласот и приклучи се на нашиот тим!**

# Менаџер за продажба МСП (Мали и средни претпријатија) во Битола

## Треба да поседуваш:

- Одлични комуникациски, преговарачки и продажни вештини;
- Искуство во соработка со мали и средни претпријатија ќе се смета за предност;
- Познавање на биланси ќе се смета за предност;
- Возачка дозвола Б категорија;
- Познавање на англиски јазик;
- Адаптибилност кон работната средина и тимот;
- И најважно, проактивен пристап и амбиција за личен развој во согласност со визијата на Банката!

## Твоите професионални активности :

- Таргетирање на нови  клиенти на Банката (МСП);
- Директна комуникација со потенцијални и постоечки клиенти (МСП);
- Презентација и продажба на сите продукти и услуги на Банката;
- Менаџирање на сопствено портфолио;
- Cross и up-sale кај МСП на Банката;
- Анализа на банкарскиот сектор во државата и развој на идеи за подобрување на нашите продукти и услуги.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

На нашите вработени им нудиме динамична работна атмосфера со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и team building активности.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk  или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 03.02.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk